ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP
19.09.2024
Број / Nr.: 47-830/1

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за бесплатна правна помош и политички систем

Бр.УП11-2108
Скопје, 12.09.2024 година

Врз основа на поднесено барање за потврдување на јавен интерес за дадена донација од Државен завод за ревизија, а во врска со член 21 став 6 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/06,86/08, 51/11, 28/14 и 153/15 )министерот за правда донесе

## РЕШЕНИЕ

Донацијата во финансиски средства во вредност од 100.000,00 денари на Црвен крст на РСМ дадена од Државен завод за ревизија, **се потврдува како донација од јавен интерес во областа на социо – хуманитарните дејности**.

## Образложение

До Министерството за правда согласно член 21 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности доставено е барање за издавање на решение со кое се бара потврдување на јавниот интерес на донацијата на Црвен крст на РСМ дадена од Државен завод за ревизија.

Кон барањето е приложен договорот за донација склучен помеѓу Државен завод за ревизија, претставувано од главен државен ревизор м-р Максим Ацевски, како даватеl и Црвен крст на РСМ, претставувано од Ген.секретар д-р Саит Саити, како прималtel чиј предмет на донирање се финансиски средства во вредност од 100.000,00 денари, наменети за справување со последиците од пожарите кои ја зафатија РСМ .

Предметниот договор е во согласност со членот 10 став 2 од законот, според кој "Предметот на донацијата и спонзорството мора да е во согласност со дејноста на прималелот на донацијата и спонзорството", како и членот 11 став 2 од законот според кој "Донацијата се дава на примателот на донацијата со цел да се задоволат неговите декларирани, јавно утврдени потреби и цели и/или да се решат одредени состојби и проблеми.

Министерството за правда согласно член 21 став 4 од законот, побара мислење од надлежниот орган- Министерство за социјална политика, демографија и млади, како основа за решавање по барањето.

Министерството за социјална политика, демографија и млади со мислење бр.10-5432/2 од 11.09.2024 година, смета дека дадената донација е од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Игор Филков

Подготвил:Никола Бабановски, советник


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification
1828

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за бесплатна правна помош и политички систем

Бр.УП11-2108
Скопје, 12.09.2024 година

Врз основа на поднесено барање за потврдување на јавен интерес за дадена донација од Државен завод за ревизија, а во врска со член 21 став 6 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/06,86/08, 51/11, 28/14 и 153/15 )министерот за правда донесе

## РЕШЕНИЕ

Донацијата во финансиски средства во вредност од 100.000,00 денари на Црвен крст на РСМ дадена од Државен завод за ревизија, **се потврдува како донација од јавен интерес во областа на социо – хуманитарните дејности.**

### Образложение

До Министерството за правда согласно член 21 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности доставено е барање за издавање на решение со кое се бара потврдување на јавниот интерес на донацијата на Црвен крст на РСМ дадена од Државен завод за ревизија.

Кон барањето е приложен договорот за донација склучен помеѓу Државен завод за ревизија, претставувано од главен државен ревизор м-р Максим Ацевски, како дavател и Црвен крст на РСМ, претставувано од Ген.секретар д-р Саит Саити, како примател чиј предмет на донирање се финансиски средства во вредност од 100.000,00 денари, наменети за справување со последиците од пожарите кои ја зафатија РСМ .

Предметниот договор е во согласност со членот 10 став 2 од законот, според кој "Предметот на донацијата и спонзорството мора да е во согласност со дејноста на примателот на донацијата и спонзорството", како и членот 11 став 2 од законот според кој "Донацијата се дава на примателот на донацијата со цел да се задоволат неговите декларирани, јавно утврдени потреби и цели и/или да се решат одредени состојби и проблеми.

Министерството за правда согласно член 21 став 4 од законот, побара мислење од надлежниот орган- Министерство за социјална политика, демографија и млади, како основа за решавање по барањето.

Министерството за социјална политика, демографија и млади со мислење бр.10-5432/2 од 11.09.2024 година, смета дека дадената донација е од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

Со почит,

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**
**Игор Филков**

Подготвил:Никола Бабановски, советник



Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification